Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
Гоце Делчев
БР. 04-497/3
06. 11. 2025 год.
Демир Хисар

# БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ ПОНУДИ ЗА НАБАВКА НА

***услуги - за изведување на ученички екскурзии***
***за учебната 2025/2026 година***

ООУ „Гоце Делчев" – Демир Хисар

- Ноември, 2025 г. –

ou-gocedelchev-demirhisar@schools.mk
047/276-331
*gocedelcevdh.edu.mk*

**Договорен орган**: ООУ „Гоце Делчев", Демир Хисар,
**Одговорно лице**: директор, Валентина Димоска,
**Контакт телефон**: 047-276-331,
**e mail**: ou-gocedelchev-demirhisar@schools.mk
**Предмет на набавка**: Услуги за организирање и изведување на ученички екскурзии и излети, согласно Правилникот за начинот на изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр. 12-10853/1 од 04.08.2025 година од МОН, и согласно одобрените Програми за реализација на екскурзии во Македонија со учениците од трето, шесто и деветто одделение и пролетни излети за учениците од прво до трето и од четврто до деветто одделение.

Екскурзиите и излетите се планира да се изведат во текот на месец март/април/мај 2026 година, а за точни термини дополнително ќе биде одлучено.

Понудите треба да бидат изработени и доставени согласно барањата во огласот.
Понудите не треба да содржат алтернативни решенија, односно треба да бидат изработени конкретно и согласно барањата дефинирани во описот на услугата.
Понудата која содржи дополнителни елементи или услуги нема да има предност при евалуација на истата.
Понудата за која комисијата ќе констатира дека има елементи на манипулација со цените ќе биде отфрлена како неприфатлива.
Цените во понудите мора да бидат фиксни, односно не е дозволена корекција на цени во текот на реализација на договорот.
Критериум за доделување на договор за изведување на екскурзиите е:
НАЈНИСКА ЦЕНА.

**Минималните услови кои треба да ги исполни понудувачот се:**

- да е регистриран согласно позитивните прописи во Република Северна Македонија за вршење на соодветна туристичка дејност.
  *(за ова доставува Образец ДРД не постар од шест месеци и копија од лиценца за вршење туристичка дејност)*
- да е регистриран најмалку три години пред изведувањето на екскурзијата/излетот.
- да има успешно реализирано сопствена аранжманска програма во државата.
  *(Копии од договори и потврди за извршена услуга во последните три години)*
- да ги исполнува условите за превоз на групи деца согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца.
  *(доставува копии од Потврди за исполнување на посебни техничко експлоатациски услови на моторни возила, копии од сообраќајни дозволи на возилата кои ќе се користат, лиценци за вршење на превоз на патници, Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува условите за превоз на група деца согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца, Изјава со која понудувачот потврдува дека автобусите со кои ќе се врши превозот на деца ќе ги исполнуваат посебните технички барања, определени во правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат деца).*

Понудата на понудувачот кој не ги исполнува минималните услови ќе биде одбиена од страна на Комисијата како неприфатлива.
Со избраниот понудувач ќе се потпише договор кој што ќе содржи:
- поединечната и вкупната цена на услугата (сместување, влезници, превоз и исхрана);
- услови за сместување, мени за исхрана и превоз;
- во цената влегува и посебното осигурување на учениците;
- начинот на плаќањето;
- водичи, број на наставници и лекар;
- поволности за ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства.

Избраниот понудувач во рок од 5 дена по потпишување на договорот да достави банкарска гаранција за квалитетно изведување на екскурзијата/излетот во висина од 5 % од вкупната вредност на договорот со важност до 30.06.2026 г.

Патувањето да не го врши во периодот од 17 до 06 часот наутро за еднодневни и во периодот од 22 до 06 часот наутро за повеќедневни екскурзии.

Еден ден пред реализација на патувањето, превозникот кој го извршува превозот до директорот на училиштето , треба да достави доказ за вонредна техничка исправност на возилото за јавен превоз согласно постојните важечки закони во државата и записник за извршен вонреден технички преглед на автобусот не постар од шест месеци. Возачот на автобусот потребно е да има лекарско уверение не постаро од шест месеци и потврда од одговорното лице на превозникот дека не возел 12 часа пред поаѓањето.
Доколку овие документи не се достават и доколку автобусот не ги исполнува наведените услови во поглед на техничката исправност, потребниот број на седишта и доколку автобусот не е климатизиран, директорот нема да го одобри патувањето, потпишаниот договор ќе биде раскинат и уплатените средства избраниот понудувач ќе треба да им ги врати на родителите, а банкарската гаранција ќе биде активирана.

Секој понудувач може да учествува само со една понуда .
Понудата се изготвува во согласност со содржините кои треба да се реализираат и посебните услови предвидени во огласот и тендерската документација со користење на доставените обрасци дадени во прилог.
Краен рок за доставување на понудите е 6 работни дена од денот на објавувањето, а јавното отворање ќе биде на 19.11.2025 во 10 часот во просториите на училиштето.
Понудата да се достави во еден примерок кој треба да биде заверен и потпишан од одговорното лице на економскиот оператор.
Понудата треба да ги содржи сите податоци содржани во барањето.
Понудувачот го приложува оргиналниот примерок на понудата во запечатен внатрешен плик кој го содржи називот со целосна и точна адреса. Внатрешниот плик се приложува во запечатен надворешен плик кој е:
- адресиран со точна адреса на училиштето,
- во горниот лев агол стои ознака "НЕ ОТВОРАЈ" со назнака: ЗА ОГЛАС за прибирање на понуди за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности.

**Понудувачот треба да ги исполнува следниве услови:**

- да е регистриран согласно позитивните прописи во Република Северна Македонија за вршење на соодветна туристичка дејност;
- да е регистриран најмалку три години пред изведувањето на екскурзијата, излетот или друга вонучилишна активност на учениците од основните училишта (има успешно реализирани најмалку три ученички екскурзии и други слободни активности, во последните три години);
- да има успешно реализирано сопствена аранжманска програма во државата;
- да ги исполнува условите за превоз на групи деца, согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца.

**Со понудата понудувачот треба да ги приложи следниве документи**:

- извод од регистарот на дејност (Образец ДРД не постар од шест месеци)
- копија од лиценца за вршење на агенциска туристичка дејност
- копии од Потврди за исполнување на посебни техничко експлоатациски услови на моторни возила, копии од сообраќајни дозволи на возилата кои ќе се користат, лиценци за вршење на превоз на патници, Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува условите за превоз на група деца согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца, Изјава со која понудувачот потврдува дека автобусите со кои ќе се врши превозот на деца ќе ги исполнуваат посебните технички барања, определени во правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат деца)
- да има референтна листа за успешно реализирана сопствена аранжманска програма во државата (Копии од договори и потврди за извршена услуга во последните три години)

Понудите кои ќе пристигнат после предвидениот рок како и понудите кои не се изготвени согласно барањето, Комисијата за прибирање на понуди нема да ги земе во предвид при разгледување.

1. **Еднодневна екскурзија за учениците од III одделение (за околу 40 ученици);**
   Демир Хисар – Охрид – Демир Хисар.
   Локации за посета: Линхнидос, Стар град, Антички театар, Плаошник, Самоилова тврдина, Црква Св. Софија, Црква Св. Јован Богослов-Канео

2. **Дводневна екскурзија за учениците од VI одделение (за околу 35 ученици);**
   Прв ден: Демир Хисар-Скопје.
   Втор ден: Скопје-Маврово-Струга-Охрид-Демир Хисар.
   Локации за посета:
   - Скопје (Стара чаршија, музејски комплекс Македонска борба)
   - Кањон Матка
   - Маврово ( Националниот парк, Манастир св. Јован Бигорски)
   - Дебар ( ХЕЦ Шпиље, Косовраски Бањи, Кањонот на Радика)
   - Струга (природонаучниот музеј, кејот на реката Дрим)
   - Охрид ( Лихнидос, Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина, Црква Св. Софија и Канео)

3. **Тридневна екскурзија за учениците од IX одделение (за околу 50 ученици);**
   Прв ден: Демир Хисар-Скопје.
   Втор ден: Скопје-Маврово-Струга-Охрид.
   Трет ден: Охрид-Демир Хисар.
   Локации за посета:
   - Скопје (Стара чаршија, музејски комплекс Македонска борба)
   - Кањон Матка
   - Маврово ( Националниот парк, Манастир св. Јован Бигорски)
   - Дебар ( ХЕЦ Шпиље, Косовраски Бањи, Кањонот на Радика)
   - Струга (природонаучниот музеј, кејот на реката Дрим, манастирски комплекс Калишта)
   - Охрид ( Лихнидос, Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина, Црква Св. Софија и Канео)
   - Манастир Св.Наум Охридски

4. **Пролетен излет за учениците од I до III одделение (за околу 100 ученици);**
   Демир Хисар – Крушево – Демир Хисар
   Локации за посета:
   - Градот Крушево - Спомен – куќата на Тодор Проески, гробот на Тоше Проески, Крушевското езеро, спомeникот „Македониум", Леарницата, Влашката црква св. Јован, Уметничката галерија на сликарот Никола Мартиноски, црква „Св. Никола", спомeникот „Мечкин камен".

5. **Пролетен излет за учениците од IV до IX одделение (за околу 230 ученици);**
   Демир Хисар – Крушево – Демир Хисар
   Локации за посета:
   - Градот Крушево - Спомен – куќата на Тодор Проески, гробот на Тоше Проески, Крушевското езеро, спомeникот „Македониум", Леарницата, Влашката црква св. Јован, Уметничката галерија на сликарот Никола Мартиноски, црква „Св. Никола", спомeникот „Мечкин камен".

*Образец на понуда*

Врз основа на Јавниот оглас - за прибирање на понуди за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни акивности на учениците во учебната 2025/2026 година објавен на 07.11.2025 година од страна на ООУ"Гоце Делчев“, Демир Хисар, подигнавме Барање за прибирање на понуди, за изведување на ученички екскурзии со ученици од трето, шесто и деветто одделение и пролетни излети за учениците од прво до трето и од четврто до деветто одделение и ја поднесуваме следнава:

**П О Н У Д А**

1. Име на понудувачот: ________________________________________________

2. Контакт информации

– Адреса: ____________________________________________________________

– Телефон: ___________________________________________________________

– Е-пошта: ___________________________________________________________

– Лице за контакт: _____________________________________________________

3. Одговорно лице: ____________________________________________________

4. Даночен број: _______________________________________________________

Во прилог на оваа Понуда Ви ги доставуваме следниве докази за исполнување на минимумот критериуми предвидени во тендерската документација:

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

Согласни сме да ги понудиме нашите услуги за реализација на екскурзијата според дадената програма и согласно барањата во објавениот оглас, и тоа:

- Превоз, влезници, сместување и исхрана согласно спецификацијата.
- Посебно осигурување на учениците.
- Плаќање на рати најдоцна до 5 дена пред поаѓање.
- Водич, наставници и лекар.
- Гратиси за ученици од социјално загрозени семејства.
- Попуст за второ дете од исто семејство.

***Место и датум*** ***Одговорно лице***

___________________________

***потпис и печат***

## Финансиска понуда

1. Вкупна цена за екскурзија за еден ученик од **трето** одд. _______________ денари со ДДВ.
2. Вкупна цена за екскурзија за еден ученик од **шесто** одд. _______________ денари со ДДВ.
3. Вкупна цена за екскурзија за еден ученик од **деветто** одд. _____________ денари со ДДВ.
4. Вкупна цена за излет за еден ученик од **прво-трето** одд. _____________ денари со ДДВ.
5. Вкупна цена за излет за еден ученик од **четврто-деветто** одд. _____________ денари со ДДВ.

**Вкупна цена на Понудата (1+2+3+4+5) = ____________________ денари со ДДВ.**

- Период на важност на понудата: 90 дена.
- Согласни сме доколку бидеме избрани да доставиме банкарска гаранција за квалитетно изведување на екскурзијата и другите слободни активности во висина од 5% од вкупната вредност на договорот со важност до 30.06.2026 г.
- Согласни сме доколку бидеме избрани, еден ден пред тргнување да доставиме документите за доказ за вонредна техничка исправност на возилото за јавен превоз согласно постојните важечки закони во Република Македонија и записник за извршен вонреден технички преглед на автобусот не постар од шест месеци, лекарско уверение за возачот не постаро од шест месеци, потврда од одговорното лице на превозникот дека не возел 12 часа пред поаѓањето,
- Согласни сме доколку бидеме избрани и доколку не ги доставиме потребните документи еден ден пред тргнување наведени во претходната точка и доколку автобусот не ги исполнува наведените услови во поглед на техничката исправност, потребниот број на седишта и доколку автобусот не е климатизиран, директорот да не го одобри патувањето, потпишаниот договор да биде раскинат и уплатените средства да им ги вратиме на родителите, а банкарската гаранција да биде активирана.

**Во рамките на оваа понуда, без никаков дополнителен финансиски надоместок, се обврзуваме да обезбедиме и:**

- Посебно осигурување на учениците.
- Посебен водич за секое одделение.
- Посебен лекар за секое одделение.
- До 4 гратиси (превоз, влезници, сместување и исхрана) за наставници за секое одделение посебно, во зависност од потребите на училиштето.
- До 2 гратиси (превоз, сместување и исхрана) за ученици од социјално загрозени семејства за секое одделение посебно, во зависност од потребите на училиштето.
- Попуст од 50% за второ дете од исто семејство.

Прифаќаме дека финасиската одговорност за реализација на склучениот договор е исклучиво на родителите.
Во прилог на оваа понуда доставуваме листа со планирани објекти за преноќување како и листи со мени за оброци.

***Место и датум***

***Одговорно лице***

_______________________________

***потпис и печат***